ТЕРЕНСКИ ИСТРАЖУВАЊА НА УКРАИНСКИОТ СЕКС

Оксана Забужко

Co-funded by the Creative Europe Programme of the European Union

Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам

Проектот е реализиран од Европската комисија. Изданието ги одразува гледиштата само на авторот и Комисијата не може да се смета одговорна за каква било употреба што може да произлезе од информациите што се содржат во него.

UKRAINIAN BOOK INSTITUTE

This book has been published with the support of the Translate Ukraine Translation Support Program

Книгата е објавена со поддршка на Програмата за поддршка на преводи „Translate Ukraine“.

Библиотека „Гласни ставови“

Главен уредник
Филип Димевски

Лектура
Ирена Ралева

Наслов на оригиналот:
Оксана Забужко, **Польови дослідження з українського секс**

Copyright © by Oksana Zabuzhko
Copyright © Begemot, 2026
Published by arrangement with Beata Stasinska Literary Agency

Компјутерска обработка
Бегемот

Ликовно уредување
Иванка Ниба

© Сите права на изданието ги има БЕГЕМОТ ДООЕЛ – Скопје. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

ТЕРЕНСКИ ИСТРАЖУВАЊА НА УКРАИНСКИОТ СЕКС

Оксана Забужко

превод од украински јазик
Вера Чорниј-Мешкова

Скопје, 2026

Не денес, си вели. Не, уште не денес. Во кујната – минијатурна *eat-in kitchen* (фрижидер, електрично решо, шкафчиња со некако закачени вратички, толку разлабавени што само да го свртиш погледот, беспомошно виснуваат нанапред како вилица на лице што веќе не владее со себе, а сето тоа одделено со ниска дрвена преграда, нешто како шанк – од таа претесна дупка можеш да послужуваш право во собата – зошто да не! – макар утринско кафе, или за ручек печено пиле, онакво како на телевизиските реклами: златно запечено, треперливо од зрелите сокови, со палаво подвиткани ноцињa, наместено врз разлистени листови зелена салата; печеното пиле секогаш изгледа посреќно од живото, просто зрачи со чудесно, потемнето руменило од радост што сега ќе го изедат; можеш да послужиш и некој *juice*, или џин-тоник во високи чаши од дебело стакло, може со мраз – коцките, додека ги ставаш, смешно sвечкаат – може и без мраз, воопшто, можностите се безброј, треба само едно – некој да *сеgи* од другата страна на таа нивна проклета преграда, во која, се чини, се населиле мравки, зашто по работната плоча постојано лази нешто што не би смеело да лази во еден хигиенски американски дом, а ни во неамерикански, впрочем – на некој кому сите тие убавини, блескајќи со насмевка како од списание, би требало да му ги служиш од кујната; ама бидејќи таму никој не седи ниту, пак, има намера да седи, ти се реши врз пултот да подигнеш импровизирана зимска градина од две не-

вини саксии – пред три недели, кога се всели овде, тие беа: бујна темнозелена грмушка со портокалови цветови – едната, и раскошна низа сјајни црвени бобинки, слични на пластични, на високи стебленца со елегантно стеснети листови – другата; сега и двете саксии изгледаат како овие три недели секој ден некој да ги полевал со сулфурна киселина – на местото на бујната грмушка клапнато висат неколку пожолтени ливчиња со нерамномерно изгорени рабови, а некогашните цврсти црвени зрнца сè повеќе личат на исушени шипинки, којзнае зошто нанижани на ’рѓави стапчиња – а најсмешното е што ти навистина не забораваше, си ја полеваше својата „зимска градина“, си ја одгледуваше, како што учеше Волтер, да, ти *сакаше* нешто живо во овој уште еден, којзнае кој по ред во таа бескрајна низа, привремен дом, каде што нечистотијата на сите претходни потстанари неисчистливо се впила во секоја пукнатина, толку што не се ни обиде да ја исчистиш – ама подлиот американски плевел испадна премногу нежен за твојата депресија, која, неизмешана, се згуснува меѓу овие четири ѕида, па едноставно цркнаа, полевај ги колку сакаш – а ти уште сакаш луѓето да издржат покрај тебе!) – ете така, во кујната, со подбивно глупаво жуборење водата капе во мијалникот и нема со што да го заглушиш тој звук – ни касета не можеш да пуштиш, зашто и малиот преносliв касетофон, којзнае зошто, престанал да работи. Вистина, зад прозорецот, тесен како отворена врата од шкаф, темен во овој час (*blinders*-те не ги спушташ, зашто отспротива и онака има само гол ѕид), зад мрежата против комарци, веројатно заглавен во неа, упорно брмчи, како далечен телефонски повик, невидлив штурец – исто толку упорно брмчи и онаа мисла, можеби, всушност, токму таа брмчи – а зошто да не сега?... Не веќе?... *Што* чекаш?...

Логично гледано – ништо. Ама баш ништо.

Половина кутивче седативи плус жилет – и извинете за неуспешното деби. Се трудев искрено, како што треба, а кога веќе ништо проклето не излезе од сето тоа, најчесно е веднаш да ги предадам картите – не ме бива за играч ни сега, а понатаму ќе биде уште позаебано: не се гледа никаков излез, а ни силата веќе не ми е иста: не сум девојче.

А сепак – не, не денес.

Да почекам уште малку. Да го догледам филмов до крај. За разлика од оние што ги даваат на овдешните *public channels* – кога во најнапнатите мигови, со студенило од несвесен страв, гледаш како јунакот јури низ празен тунел, каде што секој миг од зад аголот ќе му излета некое престрашно чудовиште, па одеднаш ти текнува – по ѓаволите! – дека сепак сè мора да заврши добро: уште две-три минути, тепачка, општа мешаница, тркалање по подот и чудовиштето, откако ќе испушти некаков неземски рик, за некое чудо ќе се распадне во прав, а храбриот, само малку искубан јунак, обвиен од чадот на пожарите, доаѓајќи до здив, ќе ја прегрне спасената Шерон Стоун, или онаа другана убавица, црнката, како-ли-се-викаше – и тревогата што те беше обзела за миг ја покажува сета своја комичност: пак им успеа на тие холивудски типови, макар за миг, да те насамарат! – за разлика од нив, филмот што сепак не се осмелуваш да го исклучиш, не мора нужно да заврши среќно. А сепак, да го исклучиш – тоа би било непростливо свинство. И глупост. И – детинштина: не сум ја научила лекцијата, нема да одам на училиште. Не, злато („златце“, иронично се поправа: така ѝ се обраќаше оној човек кому сега, веројатно, му е уште погадно отколку нејзе, ама тоа веќе нема никакво значење), не, нема да ти успее да се извлечеш: прво истерај си го сето тоа по

ред, па дури тогаш ќе се види колку навистина вредиш. *Јасно?*

– Запиши ги зборовите, ќе си направиш тетоважа – грубо и простачки ѝ се надоврзува една сосема друга жена, цинична со очигледно престапнички манири, како излезена од затвор, способна, ако затреба, да распали и со пцости: ако човекот во целина (секој!) е еден голем затвор, тогаш порано таа битанга живеела во него некаде во најоддалечената ќелија, ретко излегувајќи надвор, само кога навистина ќе загустеше и ќе станеше ептен заебано, па и тогаш некако како за показ: – Ќе ме спобудалат – велеше низ заби во мигови на раздразнетост, тресејќи ја главата и самата себе зауздувајќи се со отровна насмевка, или прецвакувајќи го потоа вкусот од некоја нова навреда (а навреди во последно време имаше колку сакаш!), со гневно ококорени очи им раскажуваше на пријателите: – Сакаат од мене да направат девојче потрчко, ете ти! – се удираше со работ од дланката по клопчето на левата рака, стегната во тупаница: во Америка тоа валкано жениште научи да пцуе и на англиски, особено добро ѝ одеше *Шиѓ*! – мачешко шиштење со грб свиткан во лак, како и презривото *О, каман, ѓив ми а брејк!*, со кое еднаш го беше шибнала оној тип; воопшто, пред тој човек токму оваа, вештерски разбушавена, со нездраво блескави очи и заби и некакво невидливо, но насетливо логорско минато, постојано избиваше во преден план, со широк замав кршејќи ги кревките садови на неисполнетите надежи, тој човек ја ослободуваше, ја повикуваше кон себе од најоддалечената ќелија – штом го чу, уште во првиот судир, оној негов брутален тон: – Кажи ми ти мене – за кој кур доаѓав овде, дома имав исти вакви срања, така да знаеш! – битангата радосно му се фрли во пресрет, препознавајќи во него партнер, само во тоа

и беа партнери – и веќе не запираше, се разузда во оваа никогаш порано невкусена слобода: – Вчера почнав да ја вајам главата – ќе почнеше тој да му раскажува во нејзино присуство на некој колега скулптор, а битангата се туркаше напред, губејќи шноли и копчиња во незапирлив занес на вербална ерупција: – Е добро де, срцка, извајај си ја главата, нема да ти биде на одмет! – а тој пред очите ѝ потемнуваше како наместо крв, во лицето да му избиваше мастило, и ѝ се наведнуваше до увото: – Не ме нервирај! – а вештерката, испуштајќи чад, се кикотеше во себе, за првпат по подолго време конечно задоволна од нешто: – Ајде де, срцка, каде ти е чувството за хумор? – Го оставив во другиот стан – ќе испукаше како од пушка; од тој стан се иселија, фала Богу, и најдобро ќе беше по нив да го запечатат барем на половина година, додека да изветрее чумосаниот дух: – Па тркни, донеси го – се клештеше вештерката – ќе те почекам тука. – Го вратив клучот – ќе треснеше тој, мислејќи дека со тоа ставил точка, ама се лажеше: – Клучот го предадов јас, а ти имаше дупликат – му возвраќаше таа: брзо, бурно мечување со стапови, кое некој отстрана просто не би можел да го следи, не, кажете што сакате, ама тие двајцата сепак беа пар, нема што! А сега – сега, кога таа, проклета и смачкана, изгорена до сржи од несреќи, со претворен во ацетон, а сепак неискоренлив инстинкт за преживување (од каде ти е ова, жити Бога?), би требало да завладее со целиот затвор преземајќи ја одговорноста за понатамошниот тек на каков-таков живот во него, делејќи наредби на сите страни: таму, низ онаа врата – не може, а ѓубрево – мавни ми го одовде во бестрага, а она одделение онаму да се проветри, отсега ќе биде музеј, а што е па ова чудовиште што се влечка тука и се лигави – ајде марш надвор (извајај си ја главата, срцка, извајај си ја!) – битангата (битанга, нема што!), наместо тоа, се повлече,

се размачка на некој најоддалечен ѕид, ни се гледа ни се слуша, и низ сите испустени простории на затворот што стои ширум отворен, одекнува сосема поинаков, пискав и беспомошен, како некаков глас на некрстено детенце: трчка ваму-таму со нерамни чекорчиња, туп-туп-туп – и застанува, па удира во ѕидовите, секогаш на истото место, со секој следен удар сè послабо – и цвили, цвили, цвили сиротото, несакано девојче, оставено на железничка станица, готово да појде за рачиња кај секого што ќе каже: „Јас сум ти татко“, ама кој ли ќе ѝ го каже тоа на триесет и четиригодишна жена – токму тоа девојче ни ти самата не го сакаш во себе, уште од тинејџерските години се обидуваше да го држиш во најзабутаното подрумско ќоше, без леб и вода, и да не мрдне – а тоа сепак некако наоѓаше начин да се спаси, и како сега ќе ја смириш – сега, кога ти се чини дека освен неа, друга ти – нема, не останала?...

Се истошти, „злато“. Ох, се истошти. Го допре дното – веќе трет месец не стивнува треперењето во мускулите, наутро, кога се будиш (а особено сега, кога се будиш сама), првото нешто што го чувствуваш е забрзаното чукање на срцето, кое никако не можеш да го смириш; добро, барем веќе спиеш без седативи, а оние страшни напади на суво повраќање што те напаѓаа ноќе, потсетуваат на себе само кога миејќи ги забите ќе ја пикнеш четката предлабоко – со кус наплив на досада, на несвесно клеточно сеќавање на сопственото тапо покорување на наредбите, отпрвин барем возбудено-страсно прошепотено, а по неколку недели веќе само со сувото и категорично: – Земи го в уста... Подлабоко... Подлабоко де, ајде! – сува лажица ти го гребе грлото – да, тоа е тоа – отпрвин се обидуваше некако да се разбере со него, да му објасни дека и таа има свои потреби, и не само „таму“: освен половите органи, кај